Агенција за промоција и поддршка
на туризмот на Република Македонија
Бр. 02-256/4
20.03 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 14 од Закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008; 156/2010; 59/2012; 187/2013 и 41/2014 и 83/2018) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 03/08 и 124/10), а во врска со член 10, став 2, алинеја 4 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен Весник на Република Македонија" бр. 38/09, 158/2010), Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМИТЕ

## Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на уништување, бришење и чистење на документите и на медиумите што се користат за обработување на личните податоци од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во својство на контролор.

## Член 2

Уништувањето на документите се врши со ситнење или со друг начин при што истите повторно не можат да бидат употребливи.

За уништувањето на документите во хартиена форма кои содржат лични податоци се формира Комисија која составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на документацијата, како и за категориите на лични податоци содржани во истата.

## Член 3

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определниот рок за чување, медиумот се уништува, се брише или пак се чисти од личните податоци кои се снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.

За случаите од ставовите 1 и 3 на овој член се составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

## Член 4

Овој Правилник влегува во сила од денот на негово усвојување од страна на Управниот одбор на Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Директор
Љупчо Јаневски